# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

БРОЈ 10 | КОЧАНИ, 23 ЈУЛИ 2021 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 23.07.2021 година

I

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 23.07.2021 година, и тоа:

1. Стратегија за развој на спортот на општина Кочани, Бр.09-1838/1
2. План за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1842/1
3. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1844/1
4 . Одлука за изменување и дополнување (усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021)) на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-611/1 од 14.03.2008 година, Бр.09-1827/1
5. Одлука за основање на Центар за развој на Источниот плански регион (Пречистен текст), Бр.09-1827/2
6. Одлука за измена на распоред на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1835/1
7. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1836/1
8. Одлука за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр.09-1837/1
9. Одлука за усвојување ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ – ЕЛАБОРАТ – за процена на штета од природна непогода: Мраз што го зафати подрачјето на Општина Кочани на 08, 09 и 10.04.2021 година, Бр.09-1839/1
10. Одлука за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кочани во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (Втор МСИП 02 /2018), Бр.09-1840/1
11. Одлука за утврдување на приоритетен проект и за сопствено учество – кофинансирање на проектот „Изградба на пешачки мост преку Кочанска Река“), Бр.09-1841/1
12. Одлука за донесување Детален урбанистички план за Градска четврт 16 Општина Кочани конечен предлог план плански период 2017-2022 година, Бр.09-1845/1
13. Одлука за вршење на техничка исправка на детален урбанистички план за ГП В4.11, односно КП 6910 и ГП В4.12, односно КП 6900, КО Оризари, од Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.) , Бр.09-1843/1
14. Заклучок за давање согласност

на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Павлина Велјанова“ – Кочани, Бр.09-1825/1

15. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за изменување на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани за 2021 година, Бр.09-1826/1

16. Заклучок за давање согласност на Статут на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК–СЕВЕРОИСТОК – Свети Николе, Бр.09-1828/1

17. Заклучок за усвојување на Извештај за финансиското работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година, Бр.09-1829/1

18.Заклучок за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Водовод“ – Кочани , Бр.09-1830/1

19. Заклучок за давање согласност на Одлука за утврдување на висината и наплата на надоместокот за влез и користење на инфраструктура на градските гробишта во Кочани за каменорезачи, Бр.09-1831/1

20. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче“ – Кочани за 2022 година, Бр.09-1832/1

21. Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2021 година во периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година, Бр.09-1833/1

22. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2021 година, Бр.09-1834/1

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-1847/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Николчо Илијев

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 и членот 21, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 23.07.2021 година, донесе

С Т Р А Т Е Г И Ј А
за развој на спортот на општина Кочани

I

Пристапот на изработка на Стратегијата за развој на спортот на општина Кочани беше партиципативен и транспарентен процес со вклучување на сите клучни засегнати страни. Ова подразбираше дефиниран процес на истражување, систематизација на податоци и подготовка на работна верзија која минува низ јавна расправа и заклучно финалната верзија-основен документ се поднесува до Советот на општина Кочани на усвојување општински документ насловен како “Стратегијата за развој на спортот на општина Кочани (2021-2025)”, подготвен од локалната заедница (јавниот, граѓанскиот и приватниот). Со цел подобра организација на целиот процес на планирање, општина Кочани постави лице од општината за координација на процесот. Во процесот на изработката на Стратешкиот план, Општина Кочани се фокусираше на целокупната сопствена територија и сите нејзини населени места. Учесниците во изработката на овој стратешки план се водеа и ги потврдија следните значајни принципи за подготовка и имплементација на стратешкиот документ:

- Законитост и прифатливост;
- Чувство на сопственост;
- Одржливост;
- Квалитет;
- Ефикасност и ефективност;
- Насочен процес на планирање на развојот;
- Сеопфатно планирање на развојот;
- Практика на добро владеење.

Наведените принципи и вредности ќе бидат валидни во текот на спроведување на стратешкиот план, како и при следењето и оценката во постигнувањето на целите за Општина Кочани. Процесот на изработка на Стратегијата за развој на спортот на општина Кочани (2021-2025) се одвиваше на две работилници и сумирање и заклучоци помеѓу работилниците. При изработката на стратегијата во сите фази се внимаваше предложените мерки/активности/цели/резултати да ги одразуваат потребите и на маргинализираните и ранливи групи, како и реално да се отсликаат потребите на жените и мажите.

На првата работилница (22.10.2020) учесниците работеа на SWOT анализа. Беше спроведена комбинација на SWOT со PESTLE анализа (анализа на надворешна околина, социјален контекст, легислатива и животна средина), со цел да се добие сеопфатна анализа на моменталната состојба во која се наоѓа општината. Од страна на Општината беа информирани за тековните и идните планови за инвестиции во спортот и посебно во спортската инфраструктура. Понатаму учесниците предлагаа конкретните

мерки/активности, т.е. конкретните проекти кои треба да се спроведат. На втората работилница, одржана со повеќе групи на интернет платформа, беа дефинирани визијата и мисијата. Поаѓајќи од изготвената SWOT анализа на втората работилница, учесниците, со водење од надворешниот консултант ги дефинираа стратешките цели и краткорочните цели. Учесниците, преку аргументирана дискусија ги одбираа стратешките приоритети. Посебно внимание беше посветено на избор на приоритети кои се остварливи и реални. По втората работилница модераторот во еден документ ги сумираше резултатите од работилници и ги спои со профилот на општината изготвен од страна на координаторот од општината.

По добивањето на првата верзија на стратешкиот документ истиот беше ставен на јавна расправа, со цел сите кои немале можност да учествуваат на работилниците да ги дадат своите видувања, идеи и коментари. Коментарите и забелешките од сите релевантни чинители се интегрирани во Стратегијата за развој на спортот и документот се дава на усвојување од страна на Советот на општината. Стратегијата се усвојува од страна на Советот на Општина Кочани на првата наредна седница и истиот документ се води со важност во времетраење од 5 години.

Усвојувањето на документот е во согласност со член 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02). Стратегијата за развој на спортот на Општина Кочани е во согласност со определбите, приоритетите и стратешките цели на општината и со “Родово одговорна стратегија за одржлив економски развој на Општина Кочани“ и се води од принципите на комплементарност со хиерархиски повисоките документи. Притоа, истовремено и подеднакво, се внимаваше на специфичните потреби и можности на локално ниво и нивното максимално искористување во изработка на документот.

Избраната методологија го користеше пристапот „од долу – нагоре “bottom up[1] и процесот на изработка го организираше во циклус од работилници и консултации со градоначалникот, општинската администрација, советот и останатите чинители во периодот меѓу работилниците и во завршната подготовка на документот. Работилниците имаа за цел да ги вклучат чинителите и од нив да генерираат податоци, ставови и идеи од учесниците на работилниците и истите да ги вградат во развојниот процес на изработка на документот. Консултациите пак, се однесуваа и беа насочени кон добивање на дополнителни информации, ставови и идеи од учесниците на работилниците и преку нив од локалното население заради посеопфатно и стукурирано искористување на општинските капацитети, знаења и вештини во дефинирање на програмата.

# РЕЗИМЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## Визија

Општина Кочани е спортски град во кој секој спортист и клуб има соодветни услови за развој и постигнување на врвни резултати

[1] Оваа метода е инструмент за олеснување на примената на партиципативен развоен пристап што ги вклучува сите членови на општината разбрана како заедница. Овој инструмент се користи за пренесување информации, идентификување потреби и утврдување основа за акција. Пристапот „од долу - нагоре“ активно ги вклучува субјектите во процесот на планирање и одлучување поврзан со нивниот развој. Овој пристап гарантира дека стратешките приоритети се одразени во општинските иницијативи со истовремено нивно прилагодување на потреби те на спортот.

## Мисија

Општина Кочани придонесува за развој на спортот преку создавање на услови за развој на сите спортови и континуирано вложување во инфраструктурата и човечкиот потенцијал за развој на масовен и професионален спорт.

## Стратешки цели:

1. Подобрена инфрастуктура за спорт и рекреација
2. Зголемено финансирање на спортот
3. Поголема промоција на спортот и соработка помеѓу спортските работници и со бизнис заедницата

## Профил на спортот во Општина Кочани

Во општина Кочани активни се 24 спортски клубови и 2 спортски сојузи 2 спортски здруженија во следниве дисциплини: фудбал, футсал, кошарка, ракомет, пинг-понг, борење, карате, планинарство, џудо, аикидо, велосипедизам, шах, тенис гимнастика и брзински мотоциклизам.

Спортот во секоја општина го развиваат клубовите, бидејќи тие создаваат спортисти, создаваат кадри и анимираат публика, затоа е значајно е да се направи дистинкција помеѓу клуб, младинска школа и спортско рекреативно друштво. Клуб е колектив кој се натпреварува во сениорски систем на натпревари и да се земе во предвид дали има или нема младински категории, најчесто како услов за лиценцирање во повеќето спортови е задолжително секој клуб да има младински категории. Младинска школа е колектив кој се натпреварува само во систем на младински првенства и во најголем дел истите функционираат со наплаќање членарина и се самоодржливи. Спортско рекреативно друштво е колектив кој не се натпреварува во национален систем на натпревари и нема рангирање. Ова мора да се земе во предвид и при поддршката за клубовите.

Спортот и рекреацијата на граѓаните се одвива на 43 објекти од кои 7 (седум) спортски сали од и тоа 2 за ракомет, 2 за гимнастика и другите 3 за кошарка. Еден спортски објект е од отворен тип опремен со фитнес справи. Останатите спортски објекти се отворени игралишта, односно: 1 фудбалски градски стадион, 2 тениски земјени игралишта, 1 базен, 5 асфалтирани повеќенаменски игралишта, 2 игралишта со вештачка трева и останатите тревни отворени игралишта. Објектите најчесто се во сопственост на Општина Кочани, мал дел на РСМ и на училиштата. Планинарското спортскиот клуб Осогово располага со планинари, планинарски водичи со лиценца и единствената жена водич во Источна Македонија.

Општина Кочани е една од ретките општини во државата која подготвува стратегија за развој на спортот, со што ја признава важната улога на спортот и рекреацијата за развој на граѓаните, како и за поголема промоција на општината. Ова се гледа и од актуелната родово одговорна сттратегија за одржлив развој на Општина Кочани, каде спортот и рекреацијата се една од осумте стратешки цели за следниот четиригодишен период. Тргнувајќи од оваа определба Стратегијата за развој на спортот во општината тргнува

од рамката дадена во родово одговорната стратегија и понатаму ги конкретизира генерално поставените стратешки цели.

Општина Кочани традиционално има добри клубови и поединци во одредени спортови (борење, тенис), традиција што полека изумира. Општината останува посветена на поддршка на спортот, како еден од најголемите промотори на општината. Обврските на општината за развој на спортот генерално се во создавање на инфраструктурни услови за практикување на спортски активности, како и промоција на спортот и рекреацијата кај девојчињата. Исто така, општината има можност да поттикне развој на млади спортисти и тренери преку стипендирање на талентирани индивидуалци.

**Клучни проблеми**

Од изготвената анализа на добрите и лошите страни клучните проблеми можат да се структурираат во неколку области. И покрај големиот потенцијал за развој на спортот во Општина Кочани, сепак нивото на кој се наоѓа е далеку од добро, посебно споредено со минатото кога во Кочани имаше клубови кои играат во соодветните први лиги и државни репрезентативци во колективните и поединечните спортови. Општината може со стратешки пристап да поттикне развој на масовниот спорт, посебно кај најмладите, како и да овозможи континуирана соработка со бизнисите, со цел тие повторно да бидат заинтересирани за поддршка на спортот. Ова може да се направи посебно со поддршка за организација на масовни спортски настани организирани од училиштата за нивните патрони празници, како и традиционални спортски настани, со што од една страна ќе се придонесе за зголемување на физичките активности на најмладите и ќе овозможи база за спортските клубови. Соработката со Федерацијата за училишни спортови треба да се зајакне и продлабочи. Нужно е вклучување и на сите наставници по Спорт и физичка култура во активностите и надвор од училиштата.
Во стратешка смисла, општината може да се фокусира на развој на приоритетни спортови, пред се оние популарните (фудбал, кошарка, ракомет), но сепак спортските работници и општината заеднички одлучија дека поддршка е потребна за сите спортови, дури за „помалите“ и повеќе, поради тоа што тешко се наоѓаат спонзори за овие спортови. Организацијата на одредени настани може да биде превземена од ЕЛС, користејќи ги позитивните искуства на организаторите од претходните години.
Исто така општината може да помогне со промоција на одредени локации како погодни за спорт, како што се акумулациите за спортски риболов и Поникве како скијачки и велосипедски центар и место за одржување на автомобилски трки.
Претходно воспоставениот систем на ваучери од страна на АМС, за помалите клубови се покажа како неуспешен. Потребна е и поголема поддршка од националните власти, посебно од АМС, но и поголема поддршка од пратениците во Собраниете на РСМ, кои се од Кочани. Општината може да помогне во организирање на средба со Министерството  за образование и со Агенцијата за млади и спорт.

**Меѓусекторски прашања**

Развојот на спортот влијае на подобрување на социјалниот живот на граѓаните и помага во активностите поврзани со борбата против штетните навики и зависности, а

воедно и го унапредува општото здравје на популацијата. Развојот на спортот ќе придонесе и во зголемување на работните потенцијали на работната сила и ќе придонесе во промоцијата на општината. Спортот има влијание и во заштитата на животната средина преку зголемената свесност од потреба за здрав живот во услови на незагадена средина заради постигнување на добри спортски резултати. Зголемен број на млади кои спортуваат е еден од резултатите кои општина Кочани би го постигнала со остварувањето на стратешките цели од областа спорт. Спортот, поради својата масовност и приемчивост од пошироката популација е меѓузависен со туризмот. Посебно, во Општина Кочани, поради близината и атрактивноста на Пониква и водните акумулации, организирање на настани како скијање, велосипедизам, спортски риболов и сл. можат да придонесат за развој на туризмот и поголема промоција на општината во целост. Ова ќе поттикне и развој на угостителството и зголемување на клиентите на сместувачките капацитети.
Како клучни чинители во приоритетната област спорт, се утврдени:

- Локалната власт;
- Министерство за образование и наука;
- Агенцијата за спорт и млади;
- Основните и средните училишта;
- Националните спортски федерации;
- Министерство за финансии;
- Спортските клубови;
- Граѓанските организации.

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ

Од работилниците произлегоа приоритетите за развој на спортот и истите се поделени во четири стратешки цели, кои за да се остварат предвидуваат конкретни мерки/ активности.

**Стратешка цел 1 Подобрена инфрастуктура за спорт и рекреација**

За да се оствари оваа стратешка цел потребно е да се спроведат следниве мерки:

- Обезбедување греење, справи, реквизити и душеци во салата за гимнастика;
- Обезбедување реквизити за активните спортови во сала;
- Поставување на седишта на источната трибина на градскиот стадион;
- Изградба на терен за фудбал со вештачка трева;
- Поголемо користење на средствата од ФФМ и програмата хет трик;
- Нова мултифункционална сала, за повеќе спортови;
- Обезбедување на повеќе средства за училишна и спортска опрема;
- Реконструкција на игралиштето во с. Горни Подлог и поставување на заштитна ограда позади головите, довршување на започнатата соблекувална и обезбедување на механизација за одржување на игралиштето;
- Модернизација на градскиот стадион, „Никола Мантов“ со сала за вежбање;
- Оградување, нивелирање на терен и нова трева на игралиште во с. Тркање;

- Оградување на кошаркарско и ракометно игралиште во с.Горни Подлог;
- Оградување, нивелирање на терен и нова трева на фудбалско игралиште во с. Долни Подлог;
- Оградување, нивелирање на терен и нова трева на фудбалско игралиште во с. Грдовци;
- Оградување, нивелирање на терен и нова трева на фудбалско игралиште во с.Мојанци;
- Оградување, нивелирање на терен и нова трева на фудбалско игралиште во с.Прибачево;
- Оградување, нивелирање на терен и нова трева на фудбалско игралиште во с.Оризари;
- Оградување, нивелирање на терен и нова трева на фудбалско игралиште во с.Бели;
- Оградување на игралиште во ОУ Никола Карев;
- Промена на подлогата на игралиштето во СОУ Љупчо Сантов;
- Набавка и поставување на кошеви во СРЦ Зорик.

**Стратешка цел 2: Зголемено финансирање на спортот**

За да се оствари оваа стратешка цел потребно е да се спроведат следниве мерки:
- Финансирање на најмладите, преку клубовите;
- Стипендии за млади талентирани спортисти;
- Одредување на процент од вкупниот буџет на општината за финансирање на спортот;
- Поддршка за развој на риболовот како можност за развој на спортски туризам на акумулациите;
- Стипендии за деца кои избориле места во репрезентацијата;
- Финансирање на спортистите и училишните спортски клубови;
- Поддршка за проектот „Џудо во училиште“;
- Развој и инвестиции за едукација на човечките потенцијали за развој на спорт;
- Вработено лице во ЕЛС задолжено за спорт;
- Промоција и поголемо искористување на ваучер системот на Агенцијата за млади и спорт;
- Доделување средства од ЕЛС според постигнатите резултати;
- Ревидирање на правилникот за доделување на средства;
- Врвните спортисти, посебно репрезентативците, да добиваат средства;
- Да се обезбеди бесплатен превоз за гостувањата;
- Поддршка за организација на традиционалниот Петровденски марш;
- Поголема поддршка на младите тенисери од ЕЛС;
- Стипендирање од ЕЛС на фудбалски таленти.
- Поддршка на брзински мотоциклизам.

**Стратешка цел 3: Поголема промоција на спортот и соработка помеѓу спортските работници и со бизнис заедницата**

За да се оствари оваа стратешка цел потребно е да се спроведат следниве мерки:

- Поврзување на бизнисот и спортот, преку редовни средби на бизнисмени, спортисти и Градоначалник, со посредство на ЕЛС;
- Организирање на автомобилски трки на Пониква;
- Организирање на велосипедски трки на Пониква и низ Кочани;
- Организирање на традиционален тениски турнир (Превземање на финансирањето на Кочани опен од страна на ЕЛС Кочани);
- Поголема професионална соработка на спортските работници, преку формирање на координативно тело кое ќе ги поврзува со ЕЛС;
- Поттик за поголема улога на спортот во образованието;
- Прогласување на најдобрите спортисти од училишниот спорт;
- Поголемо вклучување на наставниците по спорт во развојот на спортот;
- Вложување во поголем развој на масовниот спорт;
- Подобрена соработката на спортските клубови со општината, преку редовни средби;
- Поддршка за опстојување и отварање на нови и афирмација на женските спортски клубови;
- Поголемо вклучување на жените и девојчињата во спортот;
- Поддршка на стратешки настани (скијачки куп на Пониква, традицонален тениски турнир);
- Поддршка од ЕЛС за организирање на традиционални годишни награди за најдобрите од сите категории, како можност а промоција на спортот.

**ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА**

Спроведувањето на Стратегијата за развој на спортот на Општина Кочани, се предвидува за период од 2021-2025 години. Динамиката ќе биде во согласност со Годишните акциски планови кои ќе се изработуваат и кои ќе ги содржат конкретните активности кои произлегуваат од стратешките цели и акции на овој стратешки план. Годишните Акциски планови ќе бидат со одредена временска динамика, елементи на потенцијални партнерства, како и предвидени средства и извори на финансирање дефинирани во буџетот на секој акционен план. Акциските планови ќе бидат усвојувани од страна на Советот на Општината.

**УПРАВУВАЊЕ И КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ**

Предлагач на Стратегијата за развој на спортот на Општина Кочани е Градоначалникот, кој ја предлага во предлог верзија до Советот на општина Кочани. Носител на следењето и координацијата на активностите од оваа стратегија, како и носители на имплементација на активностите кои ќе произлезат од стратегијата ќе биде Градоначалникот преку раководителите на сектори и одделенија. Истовремено и граѓанскиот сектор ќе има улога во следењето на работата на Општината и остварување на акциските планови. Овој документ со стратешко значење, дава можности за

инволвирање на многубројни субјекти кои ќе ги имплементираат активностите во партнерства или поединечно. Ваквиот тип на активности ќе биде координиран од општинската администрација, со цел запазување на динамиката и внимавање да не се спроведуваат активности кои се преклопуваат.

**СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА**

Општинската администрација (Одделението за јавни дејности) во соработка со останатите општински служби ќе бидат одговорни за следење и евалуација на имплементацијата на стратегијата. Ќе се изготвува годишен извештај за постигнатите резултати во имплементацијата на активностите од стратегијата и истиот ќе ги доставува до Градоначалникот и Советот на општината. Извештаите ќе се разгледуваат од страна на Советот во секој прв квартал (јануари – март) во наредната година за достигнувањата во претходната.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА**

За имплементација на активностите од овој стратешки документ потребно е предвидување на финансиска и техничка поддршка од страна на Буџетот на општината, од страна на Буџетите на институциите инволвирани и надлежни за оваа област, но и од страна на надворешно финансирање и донации посебно предвидени со користење на претпристапните фондови на ЕУ за РСМ, националните и меѓународни спортски федерации и/или билатерални договори. Финансирањето и спроведувањето на Стратешкиот План ќе се разгледува еднаш до два пати годишно и ќе се прави преглед на започнати или реализирани остварувања како и тековна подготовка на годишни акциони планови за годишно планирање на финансирање на стратегијата.

II

Стратегијата за развој на спортот на општина Кочани влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1838/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на членот 75, став 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), а во врска со Правилникот за формата, содржината, како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија бр.64/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

# ПЛАН
# ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА КОЧАНИ ВО 2021 ГОДИНА

## I

Во Годишниот план за јавни набавки за 2021 година, ( „Службен гласник на Општина Кочани“ бр. 16/2020, 2/2021, 3/2021, 5/2021, 6/2021,8/2021 и 9/2021), се вршат следниве дополнувања:

Во делот I „Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки“, по ставката 1.29 се додава нова ставка 1.30 која гласи

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Предмет на договор за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Вид на постапката | Забелешки |
| **I** | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки** | | | | | |
| | | | | | | |
| 1.30 | Набавка на садници за ревеѓетација во општина Кочани | | август | 614.745,80 | Набавка од мала вредност | |

Во делот II “Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги“, по ставка 2.55 се додава нова ставка 2.56 која гласи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **II** | **Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги** | | | | | |
| 2.56 | Ангажирање на приватна агенција за вработување | | август | 1.228.813,56 | Поедноставена отворена постапка | Согласно член 40 од Законот за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | јавни набавки |
| 2.57 | Вршење на стручен надзор над изградба на дел од Потисен цевковод дд пумпна станица Грдовски орман до изливен базен на препумпна станица | | јули | 1.000.000,00 | Поедноставена отворена постапка | |

II

Планот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“ .

Бр.09-1842/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020) , Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата
за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2021 година

I

Во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичк проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2021 година, (“Сл.Гласник на Општина Кочани бр. 15/2020) се врши следната дополна:

- Во поглавје **III. „УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО “ ,** по точка 2 се додава една нова точка 3 која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Изменување и дополнување на блок 17 од УПС Тркање КО Тркање Општина Кочани | П=2,27 ха | самофинсирање од заинтересирани лица |

- Во поглавје **VI. „УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ “ ,** во точка 3 се додаваат пет нови алинеи и во точка 6 се додаваат две нови алинеи кои гласат:

| **VI. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** | | |
|---|---|---|
| 3 | **Урбанистички проект за инфраструктура**<br>3.1 Урбанистички проект за инфраструктура за за примарна и секундарна канализациона мрежа и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани<br>3.2 Урбанистички проект за инфраструктура за водоводна и фекална канализациона мрежа за дел од м.в Трајаново трло<br>3.3 Урбанистички проект за инфраструктутрура за препумнна станица за дел од системот висока зона на притисок на град Кочани за дел м.в Трајаново трло<br>3.4 Урбанистички проект за инфраструктура за улица Никола Карев и улица Новопланирана 1 во град Кочани<br>3.5 Урбанистички проект за инфраструктура за мост на Кочанска река за поврзување на улиците Лазар Андонов | Буџет на општина |

| | | |
|---|---|---|
| | и Мирка Гинова | |
| 6. | **Урбанистички проект за вон населени места и вон опфат на урбанистички план**<br><br>-6.1 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за примарна и секундарна канализациона мрежа и колектор за поврзување на главен колекторски систем за отпадни води за град Кочани<br>- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за пристапен пат во Пониква Општина Кочани | Буџет на општина |

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1844/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 26, став 5, членот 82, став 2, членот 84, став 2 и членот 86, став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2021) и членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 23. 07. 2021 година, донесе

Одлука
за изменување и дополнување
(усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021))
на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-611/1 од 14.03.2008 година

Член 1

Во член 3 од Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-611/1 од 14.03.2008 година, зборовите „Васил Главинов бб“ се заменуваат со зборовите „Ванчо Прке бр.119 / кат 2“.

Член 2

Во членот 4, став 1 зборовите „ги врши следниве работи“ се заменуваат со зборовите „спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Источен плански регион и тоа“.

Во членот 4, став 1 алинеја 3, на крајот на реченицата се додаваат зборовите зборовите „и предлог-проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност“.

Во членот 4, став 1, алинеја 4, зборовите „најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој“ се заменуваат со зборовите „во

законски определениот рок“.

Во членот 4, став 1, алинеја 11, зборовите „на граѓани“ се бришат.

Во членот 4, став 1, на почетокот на алинеја 13 се додаваат зборовите „Изготвува, поднесува апликации и“.

Во членот 4, став 1, алинеја 15 по зборот „работење“ се додаваат зборовите „чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот“, а зборот „доставува“ се заменува со зборот „поднесува“.

Во членот 4, став 1, алинеја 16, зборот „административни“ се заменува со зборовите „административно-технички“.

Во членот 4, став 1, по алинеја 16 се додаваат три нови алинеи 17, 18 и 19, кои гласат:

„- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;

- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и

- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.“

Член 3

Во членот 5, став 1 зборот „раководител“ се заменува со зборот „директор“, а зборот „конкурс“ се заменува со зборот „оглас“ по кој се додаваат зборовите „во согласност со Законот за рамномерен регионален развој“.

Во членот 5, став 2 зборот „Раководителот“ се заменува со зборот „Директорот“, а по зборот „мнозинство“ се додаваат зборовите „гласови од вкупниот број на членови со право на глас“.

Во членот 5, став 3 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

Член 4

Членот 6 се менува и гласи:

„За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.“

Член 5

Членот 7 се менува и гласи:

„Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,

- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,

- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,

- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Источен плански регион,

- раководи со стручната служба на Центарот,

- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој

на планскиот регион,

- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион,

- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,

- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,

- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,

- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Источен плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,

- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и

- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.“

Член 6

Членот 8 се менува и гласи:

„Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Источен плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Источен плански регион.“

Член 7

Во членот 9, став 1 зборот „раководителот“ се заменува со зборот „директорот“.

Во членот 9, став 2 по зборот „Центарот“ се додаваат зборовите „за следната календарска година“, а зборовите „мора најдоцна“ се заменуваат со зборот „мора“.

Во членот 9, ставот 5 се менува и гласи:

„По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Источен плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.“

Член 8

По членот 11 се додава нов член 11-а кој гласи:

„Член 11 - а

Општините кои влегуваат во состав на Источен плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, исплаќаат средства во висина до 15 % од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Основните критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центарот од ставот 1 на овој член се утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Поблиските критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката

за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот. Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти."

Член 9

Во членот 12, став 1 зборот „Раководителот" се заменува со зборот „Директорот", а по зборовите „за работа на Центарот" се става запирка и се додаваат зборовите „кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Центарот,".

Во членот 12, став 2, по зборот „доставува" се додаваат зборовите „на усвојување".

Член 10

Во член 13 став 1 зборот „раководителот" се заменува со зборот „директорот".

Член 11

Членот 16 се менува и гласи гласи:

„Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Источен плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите на Центарот за тековната година."

Член 12

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Службен гласник на Општина Кочани").

Член 13

Се задолжува Одделението за правни и општи работи да изготви пречистен текст на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион, и истата да се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1827/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 26 став 5 и член 86 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/2021), а согласно Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број („Службен гласник на Општина Кочани" бр.4/2008) и член 13 од Одлуката за изменување и дополнување (усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/2021) на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион („Службен гласник на Општина Кочани" бр.10/2021), Одделението за правни и општи работи изготви Пречистен текст на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион

ОДЛУКА
за основање на Центар за развој на
Источниот плански регион

(Пречистен текст[1])

Општи одредби
Член 1

Заради вршење на стручни работи од значење на Источниот плански регион, се основа Центар за развој на Источниот плански регион.

Член 2

Центарот за развој на Источниот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежните државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

Член 3

Седиште на Центарот за развој на Источниот плански регион е во Штип на улица Ванчо Прќе бр.119 / кат 2.

Делокруг на работа на Центарот

Член 4

Центарот за развој на Источниот плански регион, спроведува активности и реализира задачи поврзани со развојните приоритети на Источен плански регион и тоа:

- Ја изготвува предлог – програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог – акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог – проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби и предлог - проекти за финансирање од Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност;
- Ги доставува предлог проектите за регионален развој, врз основа на утврдената листа на предлог – проекти од страна на Советот за развој на Источниот плански регион, во законски определениот рок;
- Ги координира активностите поврзани со имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува Договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Изготвува, поднесува апликации и Спроведува проекти за

[1]Пречистениот текст ги опфаќа: Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2008) и Одлуката за изменување и дополнување (усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2021) на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.10/2021)

поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;

- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;

- Подготвува годишен извештај за своето работење чиј составен дел е и Извештајот за финансиското работење на Центарот и истиот го поднесува до Советот за развој на Источниот плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа, во состав на планскиот регион;

- Врши стручни и административно - технички работи за потребите на Советот за развој на Источниот плански регион;

- Реализира активности за поттикнување на конкурентноста преку активна поддршка на приватниот сектор;

- Изготвува и реализира проекти и договорени задачи и услуги за министерства и други државни институции и

- Врши други активности за поттикнување на развојот на планскиот регион.

Организациска поставеност

Член 5

Центарот за развој на Источниот плански регион (во понатамошниот текст: Центарот) има директор, кој се избира по пат на јавен оглас во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот на Центарот го избира Совтот за развој на Источниот плански регион, со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Мандатот на директорот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Член 6

За директор на Центарот, може да биде избрано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Мандатот на директорот му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот во согласност со Законот за рамномерен регионален развој.

Во случај кога не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, Советот за развој на планскиот регион именува вршител на должноста директор на Центарот се до изборот на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените во Центарот, а најдолго шест месеци.

Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на Центарот.

Член 7

Директорот на Центарот:

- го претставува и застапува Центарот,

- управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот,

- го предлага годишниот финансиски план и завршната годишна сметка на Центарот и завршните годишни сметки на проектите на Центарот,

- донесува Правилник за систематизација на работни места во стручната служба на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на Источен плански регион,

- раководи со стручната служба на Центарот,

- ги предлага на Советот за развој на планскиот регион: програми, проекти, извештаи и останатите документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а

треба да се усвојат од страна на Советот за развој на планскиот регион,

- раководи со процесот на следење на спроведувањето на Програмата за развој на Источен плански регион,
- раководи и ги координира активностите поврзани со спроведувањето на Програмата на Министерството за локална самоуправа од Законот за рамномерен регионален развој, од надлежност на Центарот,
- раководи со изработката на Предлог-проектите за развој на планскиот регион,
- раководи со процесот на спроведување на одобрените проекти за развој на планскиот регион,
- иницира и воспоставува соработка со други надлежни државни органи и со донаторски органиции кои поддржуваат проекти за развој на Источен плански регион и на општините што влегуваат во неговиот состав,
- обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот и
- врши други работи утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.

Член 8

Центарот има стручна служба, која се организира во одделенија.

Одлуката за организација на стручната служба на Центарот ја донесува Советот за развој на Источен плански регион на предлог на директорот на Центарот.

Правата, обврските и одговорностите на вработените во стручната служба на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и истите немаат статус на административни службеници.

Платата на директорот на Центарот ја утврдува Министерот за локална самоуправа по претходна согласност од Владата.

Бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати ги определува Советот за развој на Источен плански регион.

Финансирање на Центарот

Член 9

Центарот има финансиски годишен план, кој се предлага од страна на директорот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на Источниот плански регион.

Предлог финансиски годишен план на Центарот за следната календарска година, мора да се достави до Советот за развој на Источниот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на финансискиот годишен план на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

По истекот на 3 (три) месеци Советот за развој на Источен плански регион мора да го усвои Финансискиот план на Центарот.

Член 10

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Источниот плански регион, се согласни да го финанираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе планираат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

Член 11

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на Источниот плански регион, се определува

на 10 денари по глава на жител.

Висината на финансиските средства кои единиците на локалните самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на Источниот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

Центарот за развој на Источниот плански регион има сметка во системот на Трезорската сметка.

Член 11 – а

Општините кои влегуваат во состав на Источен плански регион, кои се крајни корисници на проекти за развој на планскиот регион, исплаќаат средства во висина до 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Основните критериуми за висината на средствата за проектите исплатени на општините кон Центарот од ставот 1 на овој член се утврдени во Законот за рамномерен регионален развој.

Поблиските критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за локална самоуправа.

Средствата од ставот 1 на овој член општините, ги префрлаат на сметка на Центарот, пред започнување на постапката за јавна набавка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот за реализација на проектот кој Бирото за регионален развој го склучува со Центарот.

Општините кои нема да ги исплатат средствата од ставот 1 на овој член, го губат правото на користење на средствата, при што Центарот ќе ги наплати договорените средства од доделените средства за реализација на проектот, а преостанатите средства ќе бидат распределени за финансирање на проекти од листата на позитивно оценетите проекти.

Член 12

Директорот на Центарот доставува на усвојување годишен финансиски извештај за работа на Центарот, кој е составен дел на годишниот извештај за работењето на Центарот, до Советот за развој на Источниот плански регион.

Усвоениот годишен финансиски извештај се доставува на усвојување до Советите на Единиците на Локалната Самоуправа од Источниот плански регион.

Член 13

На предлог на членовите на Советот или на предлог на директорот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

Преодни и завршни одредби

Член 14

Центарот за развој на Источниот плански регион, е основан откако сите Совети на Единиците на Локалната Самоуправа од Источниот плански регион ќе донесат Одлука за основање на Центарот.

Член 15

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

До изборот на раководител на Центарот за развој на Источниот плански регион, се овластува претседателот на Источниот плански регион да ги преземе обврските поврзани со регистрација на Центарот пред надлежните државни

институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа Одлука.

Член 16

Заради имплементација на член 31 од Законот за рамномерен регионален развој, Министерот за локална самоуправа и директорот на Центарот склучуваат договор за соработка за тековната година, а Градоначаниците на општините од Источен плански регион и директорот на Центарот склучуваат договор за дополнителни средства за кофинансирање на задачите и активностите на Центарот за тековната година.

Член 17

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во („Службен гласник на Општина Кочани“).

Бр.09- 1827/2
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр 5/2002),а во врска со член33одЗаконот за буџети(Сл.весникнаРМ64/05,4/08,103/08,156/09,95/10,180/11,171/12,192/15и167/16,Советот на општина Кочани на 60 -та седница одржана на ден23.07.2021 година донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КОЧАНИ**

**за 2021 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина КОЧАНИ за 2021 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A10** | **ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 240.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **G10** | **ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | -20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425970 | Консултантски услуги | -40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | -180.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 360.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | -360.000 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кочани.

Бр. 09-1835/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ 5/2002),а во врска со член 34 од Закоот за буџети(Сл.весник на РМ бр.64/05,4/08,103/08,156/09,95/110,180/11,171/12,192/15 и 167/16),Советот на општина Кочани на 60-та седница одржана на ден 23.07.2021 година,донесе:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина КОЧАНИ
За **2021** година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинКОЧАНИ за 2021 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| **A00** | СОВЕТ НА ОПшТИНА | | | | |
| 742114 | Приходи од европската унија | 0 | 0 | 454.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.394.000** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N10** | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 250.000 | 0 |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 74.000 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 40.000 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 105.000 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 1.515.000 | 0 |
| 480110 | Купување на канцелариска опрема | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 0 | 30.000 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.394.000** | **0** |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кочани.

Бр. 09-1836/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 и членот 22, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со членот 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018 и 163/2018) и членот 2, членот 4, став 1, ал. 8 и чл.13 ст.1 од Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина

Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година донесе

## О Д Л У К А
## за организирање општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија

### Член 1

Да се отпочне постапка за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари“ – м.в. Усова чешма - м.в. Бавчалук – спој на ул. „Бел камен со ул. „Страшо Ербапче“ – Лесна индустрија со учество од 50 % на Општината во цената на билетот по патник.

### Член 2

Линијата со реден број 8 од членот 1 на оваа Одлука, превозникот ќе ја врши на траса определена според следните автобуски стојалишта: Продавница „Јонче“ с. Оризари, Бараки Селиште с. Оризари, Православен храм „Св. Атанасиј“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – Пешачки мост с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – мост „Витоша“ с. Оризари, ул. „Гоце Делчев“ – пешачки мост, Православен храм „Св. Атанасиј“ с.Оризари, раскрсница на ул.„Гоце Делчев“ и ул.„Христијан Карпош“, спој на ул. „Тодосија Паунов“ и ул. „Никола Карев“, СОУ „Гошо Викентиев“, Печатница, Атомски згради, ул. Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Треска, Автобуска, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ „Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ „Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Стришани, Болница, спој на ул.„Бел камен“ со ул.„Страшо Ербапче“, „Драчевиќ“, „Осоговка“, м.в. „Сиви Дом“, х.„Национал“, конфекција „Амор“, печатница „Европа 92“, плинска станица, „Александрија“, „Ледер“, конфекција „Амор“, х. „Национал“, м.в. „Сиви Дом“, „Осоговка“, „Авто комерц“, „Грозд“, м.в. „Пераклија“, ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани, Пошта, Стара станбена зграда, Плоштад, ОУ„Раде Кратовче“, м.в. Бавчалук, ОУ„Раде Кратовче“, Плоштад, Стара станбена зграда, НУ Центар за култура „Бели мугри“, Автобуска, Треска, ул. Македонска 1, ул. Македонска 2, Руен, Атомски згради, Печатница, СОУ „Гошо Викентиев“, ул.„Тодосија Паунов“ (м.в. Дедово Маало во с. Оризари).

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши со најмалку 4 (четири) поаѓања дневно.

Општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата од членот 1 на оваа Одлука ќе се врши од понеделник до сабота, без недела и државни празници.

### Член 3

За линијата бр.8: с.Оризари“ – м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“ – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“ – „Лесна индустрија“ се утврдува максимална единична цена за билет по патник која изнесува 20 денари со ддв, согласно Одлуката за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани Бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019) донесена од Советот на Општина Кочани.

Конечната единична цена за билет по патник за превоз на наведената линија ја утврдува превозникот (понудувачот) во рамки на максимално утврдените цени за

општински линиски превоз на патници што ги утврдил Советот на Општина Кочани со Одлука за утврдување на максимални единични цени за општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани Бр.09-924/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019) и согласно чл.4 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани бр.09-923/1 од 25.04.2019 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.4/2019).

Општина Кочани ќе учествува со 50 % во цената на билетот за општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8: с.Оризари“ – м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“ – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“ – „Лесна индустрија“, а останатите 50% од цената на билетот на превозникот ќе му бидат платени од патникот со купување на билет за превоз на наведената релација.

Член 4

Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари“ – м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“ – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“ – „Лесна индустрија“ за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник ќе ја спроведе комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани.

Постапката за распределба на линијата со реден број 8: с.Оризари“ – м.в. „Усова чешма“ - м.в.„Бавчалук“ – спој на ул.„Бел камен со ул.„Страшо Ербапче“ – „Лесна индустрија“ за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество од 50% на Општината во цената на билетот по патник да се спроведе по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавните набавки, Законот за превоз во патниот сообраќај, Одлуката за уредување на линискиот превоз на патници на подрачјето на општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.08/2005, 03/2010, 13/2013, 02/2018 и бр.4/2019) и другите законски и подзаконски акти и со избраниот најповолен понудувач да се склучи договор .

Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Кочани да го склучи договорот со избраниот превозник како најповолен понудувач во спроведената постапка. , како и да склучува анекси на основниот договор (договор/и за изменување на основниот договор) во случаи утврдени со Законот за јавните набавки.

Договорот со избраниот најповолен понудувач (превозник) ќе се склучи со времетраење од 2 години, кое ќе почне да тече од денот на склучувањето.

Согласно Планот за јавни набавки на Општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани за 2021 година вкупната вредност на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 изнесува 1.904.761,90 денари, односно 2.000.000,00 денари со ДДВ за период од 2 години.

Средствата за реализација на договорот за вршење на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани на линијата со реден број 8 која ќе ја распредели Општината ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани секоја буџетска година од 2021 - 2023 година.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1837/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија", бр. 36/2004; 49/2004; 86/2008; 85/2009; 114/2009; 124/2010; 18/2011; 93/2012; 41/2014; 129/2015; 71/2016; 106/2016 И 83/2018), Одлуката за донесување на единствена методологија за процена на штетите од за проценка на штетите од елементарни непогоди („Службен весник на Република Македонија " бр.75/2001) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија " бр.98/2005 и 152/2010), Советот на Општина Кочани на седницата одржана 23.07.2021 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ – ЕЛАБОРАТ- За процена на штета од природна непогода: Мраз што го зафати подрачјето на Општина Кочани на 08 , 09 и 10.04.2021 година

Член 1

Се усвојува Збирниот извештај-елаборат- за процена на штета од природна непогода: Мраз што го зафати подрачјето на Општина Кочани на 08 , 09 и 10.04.2021 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани"

Бр. 09-1839/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

ОДЛУКА
за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на
Општина Кочани во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги ( Втор МСИП 02 /2018)

Член 1

Со оваа одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кочани во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги ( Втор МСИП 02 /2018 бр.09-1097/1 од 22.05.2019 година и тоа во член 3 по зборовите: „ Видот и целта на задолжувањето е подзаем за реализација на општинскиот проект Асфалтирање на 6 улици во градот Кочани и 5 улици во рурални области" се додава текстот: „и на општинскиот проект Изградба на пешачки мост преку Кочанска Река ".

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1840/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на приоритетен проект и за сопствено учество - кофинансирање на проектот „Изградба на пешачки мост преку Кочанска Река“

Член 1

Општина Кочани согласно договорот за под-заем бр. 16 од 20.08.2019 година во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП 2) има вкупно одобрени 43.937.331 денари, а според договорот со изведувачот на работите ДГТУ „Ленди Груп“ ДООЕЛ Скопје бр. 05-2064/18 од 23.12.2019 година и завршната ситуација во вредност од 39.265.960 денари има преостанато уште неискористено средства во износ од 4.671.371 денари. Со оваа Одлука Советот на Општина Кочани за искористување на овие средства го утврдува како приоритетен проектот „Изградба на пешачки мост преку Кочанска Река“.

Член 2

Вкупната проценета вредност на проектот „Изградба на пешачки мост преку Кочанска Река“ изнесува 7.099.647 денари. Преостаните средства ќе биде сопствено учество-кофинансирање на општина Кочани, а максималниот износ за кофинансирање од страна на општина Кочани ќе зависи од договорниот износ согласно постапките за набавки на Светска банка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Кочани“.

Бр. 09-1841/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 39, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016 , 64/2018 и 168/2018) а согласно член 93 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/2020), Советот на Општина Кочани , на седницата одржана на 23. 07.2021 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт 16 Општина Кочани

конечен предлог план плански период 2017-2022 година

Член 1

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт 16 Општина Кочани конечен предлог план плански период 2017-2022 г., со Тех. бр. 0801-107/17 од јуни 2021, изработен од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје.

Член 2

Границата на планскиот опфат е дадена во графичкиот прилог, и претставена описно

Од Север: По осовина на ул. „Никола Карев";

Од Североисток: По осовина на ул. „Тодосија Паунов" и продолжува по осовина на ул. "Новопроектирана 5";

Од Југ и југоистокг: По осовина на ул. "Новопроектирана 1";

Од Запад: По осовина на ул. „Никола Карев".

Површината на планскиот опфат изнесува 56,18 ха.

Член 3

Со планот се утврдени следните класи на намени:

А- домување

А2- домување во станбени згради

Б-комерцијални и деловни намени

Б1- мали комерцијални и деловни намени

Б2- големи гтрговски единици

В-јавни институции

В1-образование и наука

В4-државни интитуции/МВР/

Г-производство, дистрибуција и сервиси

Г2- лесна и незагадувачка индуистрија

Д- зеленило и рекреација

Д1- парковско зеленило

Д2-заштитно зеленило

Д4-меморијални простори

Е- инфраструктура

Е2- комунална супраструктура

Е3- некомпатибилна инфраструктура

Член 4

Урбанистичкиот план од член 1 на оваа одлука содржи:

- Документациона основа - текстуален и графички дел;

- Планска документација - текстуален и графички дел.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09- 1828/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски



Врз основа на членот 36 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.32/2020), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 23.07.2021 година, донесе

ОДЛУКА
за вршење на техничка исправка на детален урбанистички план за ГП В4.11, односно КП 6910 и ГП В4.12, односно КП 6900, КО Оризари, од Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на детален урбанистички план за ГП В4.11, односно КП 6910 и ГП В4.12, односно КП 6900, КО Оризари, од Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.), изработена од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, по добиеното позитивно мислење бр. 22-1704/2 од 02.07.2021г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 08-2229/1 од 19.10.2020 година од Градоначалникот на Општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП В4.11 и ГП В4.12, во табелите со геометриските вредоности од графичкиот прилог од Планската документација во Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр.07-55 од 24.07.1998г.), односно:

Во табеларниот приказ со нумерички показатели од Планска документација на Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.), "Детален лист 13", во табелата за "БРОЈ БЛОК В 4", во податоците за ГП В 4.11, 11 ред, колона 4 - (површина на ГП), бројот "900" се заменува со бројот "846", колона 6 - (изграденост %) бројот "32" се заменува со бројот "34" и колона 7 – (к), бројот "0,96" се заменува со бројот "1.02".

Во табеларниот приказ со нумерички показатели од Планска документација на Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.), "Детален лист 13", во табелата за "БРОЈ БЛОК В 4", во податоците за ГП В 4.12, 12 ред, колона 4 - (површина на ГП), бројот "756" се заменува со бројот "767" и колона 7 – (к), бројот "0,99" се заменува со бројот "0,98".

Член 2

Техничка исправка на детален урбанистички план за ГП В4.11, односно КП 6910 и ГП В4.12, односно КП 6900, КО Оризари, од Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.) со технички бр.0801-482/21 од јули 2021, изработена од ДТУ БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, е составен дел на Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кочани"

Бр. 09-1843/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016;

163/2017; 21/2018; 198/2018 И („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019 И 311/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Павлина Велјанова" – Кочани

I

Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ „Павлина Велјанова" – Кочани, Бр.0101-186/1 од 05.07.2021 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09-1825/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014,199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2018, 14/2020, 95/2020 и 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за изменување на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ „Павлина Велјанова" – Кочани за 2021 година

I

Се дава согласност на Годишниот план за изменување на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ „Павлина Велјанова" – Кочани за 2021 година, бр.0102- 113 од 06.07.2021 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09-1826/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 11, став 1, точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија", бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/141, 38/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на статут на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО

ИСТОК–СЕВЕРОИСТОК – Свети Николе

I

Се дава согласност на Статутот на Заедничкото јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК–СЕВЕРОИСТОК – Свети Николе.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1828/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за финансиското работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година

I

1. Се усвојува Извештајот за финансиско работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за периодот од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1829/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 11, став 1, точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“, бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/141, 38/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Водовод“ – Кочани

I

Се дава согласност на Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП„Водовод“ – Кочани, бр.02- 245/3 од 25.06.2021 година, донесена од Управниот одбор на КЈП„Водовод“- Кочани.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1830/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 11, став 1, точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/141, 38/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Одлука за утврдување на висината и наплата на надоместокот за влез и користење на инфраструктура на Градските гробишта во Кочани за каменорезачи

I

Се дава согласност на Одлуката на Управниот одбор на КЈП „Водовод" – Кочани бр.02-245/4 од 25.06.2021 година, за утврдување на висината и наплата на надоместокот за влез и користење на инфраструктура на Градските гробишта во Кочани за каменорезачи.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09-1831/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 20-б, став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.27/2014,199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2018, 14/2020, 95/2020 и 302/2020), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07. 2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче" – Кочани за 2022 година

I

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче " – Кочани за 2022 година, бр.01- 328/1 од 14.07.2021 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр. 09-1832/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Репшублика Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2021 година во периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2021 година во периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1833/1
23.07.2021 година
К о ч а н и
Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 23.07.2021 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2021 година

I

Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2021 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 09-1834/1
23.07.2021 година
К о ч а н и

Претседател на
Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

---

# СОДРЖИНА

1. Стратегија за развој на спортот на општина Кочани, Бр.09-1838/1 стр.3

2. План за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1842/1 стр.11

3. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1844/1 стр.13

4. Одлука за изменување и дополнување (усогласување со Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на РСМ“ бр.24/2021))на Одлуката за основање на Центар за развој на Источниот плански регион број 07-611/1 од 14.03.2008 година, Бр.09-1827/1 стр.14

5. Одлука за основање на Центар за развој на Источниот плански регион (Пречистен текст[1]), Бр.09-1827/2 стр.17

6. Одлука за измена на распоред на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1835/1 стр.23

7. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2021 година, Бр.09-1836/1 стр.24

8. Одлука за организирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Кочани со учество на Општината во цената на билетот по патник на распределената линија, Бр.09-1837/1 стр.24

9. Одлука за усвојување ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ – ЕЛАБОРАТ – за процена на штета од природна непогода: Мраз што го зафати подрачјето на Општина Кочани на 08, 09 и 10.04.2021 година, Бр.09-1839/1 стр.27

10. Одлука за дополнување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Кочани во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (Втор МСИП 02 /2018), Бр.09-1840/1 стр.27

11. Одлука за утврдување на приоритетен проект и за сопствено учество – кофинансирање на проектот „Изградба на пешачки мост преку Кочанска Река“), Бр.09-1841/1 стр.28

12. Одлука за донесување Детален урбанистички план за Градска четврт 16 Општина Кочани конечен предлог план плански период 2017-2022 година, Бр.09-1845/1 стр.28

13. Одлука за вршење на техничка исправка на детален урбанистички план за ГП В4.11, односно КП 6910 и ГП В4.12, односно КП 6900, КО Оризари, од Измена и дополна на ДУП на село Оризари (Донесен со Одлука бр. 07-55 од 24.07.1998г.) , Бр.09-1843/1 стр.31

14. Заклучок за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места на ЈОУДГ„Павлина Велјанова“ – Кочани, Бр.09-1825/1 стр.31

15. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за изменување на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ „Павлина Вељанова“ – Кочани за 2021 година, Бр.09-1826/1
стр.32

16. Заклучок за давање согласност на Статут на Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад ЕКО ИСТОК–СЕВЕРОИСТОК – Свети Николе, Бр.09-1828/1
стр.32

17. Заклучок за усвојување на Извештај за финансиското работење на КЈП „Водовод“ – Кочани за период од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година, Бр.09-1829/1
стр.33

18.Заклучок за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Водовод“ – Кочани , Бр.09-1830/1
стр.33

19. Заклучок за давање согласност на Одлука за утврдување на висината и наплата на надоместокот за влез и користење на инфраструктура на градските гробишта во Кочани за каменорезачи, Бр.09-1831/1
стр.34

20. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување во ООУ „Раде Кратовче“ – Кочани за 2022 година, Бр.09-1832/1
стр.34

21. Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2021 година во периодот од 01.01.2021 година до 30.06.2021 година, Бр.09-1833/1
стр.35

22. Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2021 година, Бр.09-1834/1
стр.35